**4.ТВ Тел ма**

***"Вести"***

Во известувачкиот периоод од 23 ноември до 18 декември 2015 г. ТВ Телма објави вкупно 169 прилози кои се однсуваат на политичките актери. Најмногу внимание месецов телевизијата им посвети на ***(1)*** Комплетирањето на составот на Државната изборна комисија (19 прилози), ***(2)*** Анкетна комисија за аферата со прислушувањето (17 прилози), ***(3)*** Преговорите медиумите (15 прилози), ***(4)*** Ветото за домашното задолжување (11 прилози), ***(5)*** Аферата со лажни лични карти (8 прилози**)**, ***(6)*** Новите проекти на Владата на РМ (7 прилози), ***(7)*** Аферата за работењето на министерството за внатрешни работи (4 прилози), (***8***) Блокадата на Ректоратот поради сечењето на дрвјата на кампусот на УКИМ (4 прилози). Не се забележани фаворизирачки дискурси кон некоја од политичките партии. Не се забележани ниту демонизирачки дискурси. Темите во прилзоите се обработени инклузивно и аргументирано и исклучително благо критички кон власта.

Коментари и оценк и во вес тите: Телевизија Телма во анализираниот период главно емитувала извештаи, без ниту една анализа или коментирање во најавите на прилозите. Доминира неутрална аргументирана критика без примери на фаворизирачко, ниту демонизирачко мислење кон некој политички субјект. Објавена е само една анализа и една најава во која презентерот (кој воедно е и уредник на вестите), изнесува свој коментар за темата, но притоа не се забележува неаргументирана критика (5 декември „Премиерот не коментира за работата на СЈО" и 9 декември „Скопското јавно обвинителство го истражува случајот со фалсификуваните лични карти...").

Користење на изворите Во информативната програма воочлива е систематска употреба на два, три или повеќе извори (77 прилози), и тие најчесто се спротивставени. Доминираат извори од именувани експерти, во останатите случаи тоа се претставници на политичките субјекти, со избалансирана застапеност. Приодот на оваа телевизија редовно е избалансиран - акцентот често се става и на експертски ставови наспроти ставовите на различни политички актери. Телма континуирано го следи принципот според кој новинарот треба да консултира најмалку два извори кои имаат спротивставена или аргументативна позиција. Парадигматичен е прилогот објавен на 30 ноември „Ќе се гради нов Луна парк" во кој како извори се консултирани Слободанка Алексовска која доаѓа од ВМРО ДПМНЕ и Драги Давчевски кој е советник од СДСМ во Советот на град Скопје. Сепак, често во прилозите се среќаваат три и повеќе извори и се претставува поширок спектар на гледишта за прашањата кои се обработуваат (На пример прилогот објавен на 1 декември „За ветото Владата се задолжи за нови 73 милиони евра" – како извори се консултирани Зоран Заев, лидерот на СДСМ, Гуверенерот на Народната банка на Македонија Димитар Богов, извори од Министерство за финансии, но и експерти како Абдулменаф Беџети. Потоа, парадигматиен е прилогот објавен на 3 декември „ВМРО-ДПМНЕ се врати на преговорите за медиумите", во кој како извори се појавуваат Илија Димовски од ВМРО- ДПМНЕ, Роберт Поповски од СДСМ, Артан Груби од ДУИ, Павле Трајанов од Демократскиот сојуз.

Дирек тни обраќања : Во 135 прилози на Телма има директни обраќања на политички субјети од кои во 110 прилози тоа се лидерите на политичките партии. Во повеќе директни обраќања се појавуваат лидерите на двете најголеми политички партии, со избалансиран пристап. Се појавуваат и министри од двете најголеми партии и од владејачката ДУИ. Се појавуваат и лидерите на најголемите партии од албанскиот блок, Ахмети и Тачи. Застапени се изјави и од помали политички субјекти како ГРОМ, ДОМ и Левица, од подмладоците на политички партии (УМС и СДММ) и од граѓански организации како Студентски пленум, ЗНМ.

Аудиовиз уелна презентациј а : Ниту во генералните најави, ниту во новинарските прилози нема малициозна манипулација со визуелните ефекти за да се демонизира или пак за да се протежира некоја политичка опција.

**Емисии**

Во овој извештај се анализирани седум изданија на емисијата само изданијата „*Топ Тема“,* емитувани меѓу 1 и 14 декември. Во ниту едно од набљудуваните изданија на Топ тема во наведениот период не се забележани фаворизирање или напаѓање односно позитивни или негативни врамувања на политички субјекти, неетичко однесување, непристоен говор и говор на омраза од страна на водителите на емисиите и нивните гости.

МОДЕМ
МОНИТОРИНГ НА ДЕМОКРАТИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА
ИНСТИТУТ ЗА КОМУНИКАЦИСКИ СТУДИИ
British Embassy Skopje
Kingdom of the Netherlands